Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-182/2
01-04-2022 Година

Постапувајќи по претставката бр. 08-182/1 од 22.03.2022 поднесена од лицето [redacted] преку полномошник [redacted] Скопје против [redacted] директорка на ООУ Александар Македонски Скопје и Училишниот одбор при Општина Аеродром за сторена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка (Службен Весник на Р.С. Македонија 124/2015 од 23.07.2015, 65/2018 од 12.04.2018), а согласно член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службе н Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 30.03.2022 го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
**за отфрлање на претставка заради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** поднесената претставка за заштита од дискриминација поради тоа што постапувањето по адресираните проблеми во претставката не спаѓаат во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

### Образложение

На 22.03.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] Скопје како полномошник на лицето [redacted] против [redacted] директорка на ООУ Александар Македонски Скопје и Училишниот одбор при Општина Аеродром. На 29.03.2022 година преку електронска пошта до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено барање од [redacted] за изземање на Училишниот одбор при Општина Аеродром од поднесената претставка

Во поднесената претставка полномошникот на подносителката наведува дека директорката на ООУ Александар Македонски Скопје, [redacted] врши повреда на честа и угледот на подносителката, го спори лиценцирањето и назначувањето на директорката како незаконско и тврди дека директорката врши злоупотреби на службената позиција. Полномошникот бара од Комисијата да утврди дали лицето [redacted] има сторено злоупотреба на службената должност, дали има неправилности во нејзиното работење и прашува како ќе се постапи доколку се констатира дека директорката незаконски се лиценцирана, кој ќе одговара за незаконското назначување и како ќе се постапи со податокот дека повеќе од три години директорката водела институција за која нема соодветна документација.

После разгледувањето на наодите од претставката, а земајќи го предвид дописот на подносителката со кој бара од постапката да се изземе Училишниот одбор при Општина Аеродром, Комисијата одлучи дека **постапувањето по адресираните проблеми не спаѓаат во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

Во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) дискриминацијата се дефинира како секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање,

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други.

Во членот 21 од истиот закон таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно кои Комисијата:

- Нема законска надлежност да постапува и одлучува во случаи на повреда на чест и углед. Граѓанската одговорност за штета нанесена на честа и угледот на физичко и правно лице се уредува со Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.
- Нема законска надлежност да оценува законитост во изборот и да одлучува за неправилности во работата на директорката на училиштето. Постапката и законските услови за избор на директор, како и надлежностите на директорот на основно училиште се регулирани со Законот за основно образование. Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството. Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот просветен инспекторат и овластените инспектори на општините, согласно со закон.
- Нема законска надлежност да одлучува за злоупотреба на службена положба и овластување. Злоупотребата на службена положба и овластување е кривично дело пропишано во чл. 353 од Кривичниот законик на Р.С. Македонија и е предмет на кривично правна постапка.

Согласно наведеното, а врз основа на член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, а не може да утврди кој јавен орган е надлежен ќе донесе Управен акт со кој ќе го отфрли поднесокот поради ненадлежност.

Скопје 01.04.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Исмаил Камбери

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Скопје - Shkup

**Правна поука:** Ова решение е конечно, а против истото може да се поднесе тужба за поведување на Управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управниот спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:
- [redacted] Скопје